Република Македонија

# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 1**

**18.01.2012**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за продолжување на зимскиот распуст на учениците од основните и средното училиште во општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за продолжување на зимскиот распуст на учениците од основните и средното училиште во Општина Демир Хисар донесена на вонредната седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 18.01.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 40/1** **Општина Демир Хисар**
**18.01.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

***361.*** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 година), а во врска со член 38 став 6 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ„ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010 и 18/2011) и член 25 став 1 од Законот за средно образование („Сл. весник на РМ„ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010 и 18/2011), Советот на општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 18.01.2012 година, донесе

О Д Л У К А
За продолжување на зимскиот распуст на учениците од основните и средното училиште во општина Демир Хисар

Член 1
Се донесува Одлука за продолжување на зимскиот распуст на учениците од основните и средното училиште во општина Демир Хисар.

Член 2
Заради ектремно ниските температури на подрачјето на општина Демир Хисар, распустот на учениците од основните и средното училиште во општина Демир Хисар се продолжува до 20.01.2012 година.

Со настава во основните и средното училиште во општина Демир Хисар се започува на 23.01.2012 година (понеделник).

Член 3
Се задолжуваат училиштата неработниот ден (20.01.2012 година) да го одработат во текот на месец април 2012 година.

За донесената Одлука се известува Министерството за образование и наука.

Член 4
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр.07-39/2 Совет на општина Демир Хисар
18.01.2012 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Ангелески с.р.

----------------------------------------------------------------

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Одлука за продолжување на зимскиот распуст на учениците од основните и средното училиште во Општина Демир Хисар-----------------------------------------------------1

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Тони Ангелевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**